# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

НОЕМВРИ, 2023

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РСМ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕГИСТРИРАНИТЕ СЛУЧАИ НА ВЕБ ПЛАТФОРМАТА WWW.GOVORNAMOMRAZA.MK:



82 Говор на омраза поради етничка припадност

20 Говор на омраза по национална припадност

8 Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет

8 Говор на омраза поради политичка припадност

5 Говор на омраза поради религија и религиско уверување

5 Говор на омраза поради пол и род

1 Говор на омраза врз основа на здраствена состојба

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.

Во текот на месец ноември на веб платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани

**101** случаи со елементи на говор на омраза и вознемирување по различни основи.

Овој месец забележани беа

**82 (64%)**

случаи на говор на омраза поради етничка припадност,

**20 (23%)**

случаи по основ на национална припадност,

**8 (4%)**

поради политичка припадност, како и

**8 (4%)**

случаи врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет.

Овој месец, слично како и предходниот месец особено е видлив говорот на омраза помеѓу двете најголеми етнички заедници македонската и албанската. Дополнително, навредливите националистички пароли на фудбалскиот натпревар Вардар-Шкупи предизвика меѓуетнички тензии и говор на омраза кој беше особено видлив на социјалните мрежи.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ПОВТОРНО АЛАРМИРА ЗА ЗГОЛЕМЕНИОТ ГОВОР НА ОМРАЗА ПО ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ И ПОВТОРНО АПЕЛИРА ПОЛИТИЧАРИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ДА СЕ ВОЗДРЖУВААТ ОД ГОВОР КОИ ПРОМОВИРА ИДЕИ КОИ СЕ ШТЕТНИ ЗА ОПШТЕСТВОТО И ГИ НАРУШУВА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ.

Овој месец на платформата Youtube беше објавен видео поткаст со наслов,, Патриотски муабети: Подкаст на кој ЛГБТ заедницата одби да присуствува!”. Креаторите на поткастот преку компјутерски систем ширеле хомофобичен говор и промовирале идеа и теорија која промовира и поттикнува дискриминација против лица со различна сексуална оринтација и родов идентитет. Дополнително, изнеле ставови со кои промовираат родова нееднаквост и поттикнуваат дискриминација и омаловажуваат жени. Од овие причини, Хелсиншкиот комитет го оцени ваквиот наратив како особено штетен и поднесе кривична пријава за ширење говор на омраза до јавното обвинителство.

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.